МИНСТРОЙ
БУЛМАК

**СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИ**

# НАЈСТРОГО ГИ ОТФРЛАМЕ ВОНИНИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ ОБИДИ ЗА ОСПОРУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА "БУЛМАК 2016"!

***На денот на случувањето - истек на јамска вода во Крива Река, овластени лица од надлежни институции постапија навремено и соодветно согласно пропишаните правила и протоколи***

***Крива Паланка, 28.03.2025 година. –*** Во врска со случувањето на ден 14.03.2025 година, кога заради дефект на водоводна цевка истече јамска (*атмосферска*) вода во Крива Река, благовремено и во детали преку соопштение ја известивме јавноста за ситуацијата, со потврда дека од дефектната цевка е истечена исклучиво атмосферска вода. Водата од цевководот за јамска вода, освен природни, механички нечистотии (*ситни честички и зрна од карпести материјали)* мобилизирани од поројниот тек, не содржи никакви хемиски или друг вид супстанци и материи кои се резултат на технолошкиот процес од Флотацијата на Рудник "Тораница".

Во меѓувреме, согласно законските одредби, усогласена е Спогодба со Министерството за Животна Средина и Просторно Планирање, со која се уредени сите идни чекори во смисла на мерки кои произлегуваат од овој случај и според која секако, ќе очекуваме надлежното Министерство да се произнесе со финална потврда на утврдените параметри од Спогодбата.

Според протоколите за работа, ја следиме ситуацијата и ја изразуваме нашата подготвеност и отвореност за соработка со сите Надлежни Органи и Институции во насока на проценка и елиминирање на можните влијанија врз животната средина. Истовремено, повикуваме на одговорност и работа исклучиво согласно законските процедури и апелираме да не се шпекулира вонинституционално, односно да се почекаат официјалните наоди кои ќе ги изготват надлежните институции и органи.

*"Во "Булмак 2026" редовно и во континуитет, уште од самото преземање на работата на рудниците, вршиме редовни технички прегледи и одржување на опремата, инсталациите и сите технолошки системи, вклучително и чистење на таложникот за отпадна јамска вода, за кои согласно А-интегрираната еколошка дозвола, соодветно го известуваме Државниот инспекторат за животна средина. Во оваа насока, преземени се сите превентивни мерки за одржување на системот во добра состојба. Дополнително, во рамки на рудниците со кои управува "Булмак 2016" редовно вршиме мерења според кои, сите супстанци со кои што се оперира и се преработува рудата се во законските дозволени граници и норми. Одговорно тврдам дека во непредвидливата и ненадејна ситуација е излеана исклучиво јамска вода која не содржи никакви хемиски материи кои би можеле да влијаат врз еко-системот на Крива Река."*, изјави Љупчо Георгиевски, Инженер за животна средина во "Булмак 2016".

МИНСТРОЙ
БУЛМАК

Уште еднаш повикуваме на одговорност и работа согласно законските норми и процедури на сите инволвирани, до овој момент. Апелираме да не се шпекулира и лицитира со неточни информации и инсинуации, со што ќе се спречи создавање на лажна слика поврзана со овој случај.

Дополнително, бараме сите надлежни органи и институции да постапат во правец на изнаоѓање на вистинските причинители на еколошка катастрофа, доколку се утврди дека таа навистина постои.

Во меѓувреме, остануваме достапни за прашања поврзани со нашата работа.

**Со почит,**

**Булмак 2016**

“Булмак 2016“ д.о.о.е.л. | Јаким Стојковски 2 / Пробиштип / Република Македонија | 032 441 300 | office@bulmak2016.com.mk
“Bulmak 2016“ d.o.o.e.l. | Jakim Stojkovski 2 / Probistip / Republic of Macedonia | +389 32 441 300 | office@bulmak2016.com.mk